


**ПОКЛОНЕНИЈА ПРЕД ГРОБОТ НА СВЕТИ КИРИЛ ВО РИМ**

***Делото „40 поклоненија пред гробот на Св. Кирил Философ во Рим", чиј автори се д-р Вера Стојчевска-Антиќ, Славе Николовски-Катин и викарниот епископ хераклејски Климент е едно од значајните издани ја на книгоиздателството „Македонска искра" (2008) на 228 страници. Во ова издание се одразени повеќеродни дејности, манифестации, собири, институции, личности, изданија и други активности кои се носители на името, дејноста,***

***работата, на светите Кирил и Методиј и нивните ученици***
***.***

Инаку, книгоиздателството *“Македонска искра”* е формирано благодарение на демократските процеси што настанаа по осамостојувањето на Република Македонија како независна, демократска и самостојна држава. Тогаш се создадоа поволни услови за приватна иницијатива, меѓу другото и во областа на културата, со посебен акцент во развојот на книгоиздателството. Така, се формира денешното Друштвото за издавачка и образовна дејност, производство и промет (Книгоиздателството) „
*Македонска искра”*
ДООЕЛ увоз-извоз-Скопје.

*„Македонска искра“* е крстена по весникот „*Македонска искра“,* првиот македонски весник што започна да се печати во Перт, Австралија  во 1946 година. Таа за првпат е регистрирано во Окружниот стопански суд во Скопје, на 28.03.1995, за потоа да ги следи сите законски измени. Меѓутоа, својата издавачка дејност
*“Македонска искра”*
ја започна во текот на 1997 година и досега има објавено стотици наслови од значајните македонски писатели, научници и публицисти, во тираж од илјадници примероци, пласирани во Македонија и во многу национални библиотеки и специјализирани книжарници во европските и во прекуокеанските земји, особена меѓу македонското иселениште.







**Пишува: СЛАВЕ КАТИН**